Врз основа на член 54, 63, 64, 125, 125-а, 127, 131, 132, 133, 134, 135 и 142 од Законот за високото образование, член 3 став 1 од Законот за вработените во Јавниот сектор и член 22 став 3 и член 23 од Законот за работни односи

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

Распишува

**КОНКУРС**

**за избор на наставници и асистенти-докторанти на единиците во состав на Универзитетот**

1. **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ**

**1.1 Асистент-докторант за научното поле:**
- Применета геологија и геофизика - (1 извршител) за време од пет години

**1.2 Асистент-докторант за научното поле:**
- Рударство - (1 извршител) за време од пет години

2. **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**

**2.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Имунологија и Хистологија - (1 извршител) за време од пет години

**2.2 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Оториноларингологија- (1 извршител) за време од пет години

**2.3 Асистент-докторант за научната област:**
- Инструментална фармацевтска анализа и Хемија- (1 извршител) за време од пет години

**2.4 Асистент-докторант за научната област:**
- Парадонтологија и Дентална патологија - (1 извршител) за време од пет години

3. **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

**3.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Дизајнирање на текстил и облека- (1 извршител) за време од пет години

**3.2 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Текстилно механичко инженерство и Технологија на облека- (1 извршител) за време од пет години

4. **МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

**4.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Производно машинство, технологии и системи - (1 извршител) за време од пет години

**4.2 Асистент-докторант за научната област:**
- Автоматика- (1 извршител) за време од пет години

5. **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

**5.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Економетрија- (1 извршител) за време од пет години

**5.2 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Е-Бизнис- (1 извршител) за време од пет години

**5.3 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Меѓународна економија- (1 извршител) за време од пет години

6. **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

**6.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Туркологија- (1 извршител) за време од пет години

7. **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**7.1 Асистент-докторант за научната област:**
- Хотелски инженеринг - (1 извршител) за време од пет години

8. **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**8.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**
- Џез хармонија и Видови на инструменти-Џез пијано- (1 извршител) за време од пет години

9. **ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**9.1 Асистент-докторант за научната област:**
- Психопедагогија - (1 извршител) за време од пет години

**10. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

**10.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**

- Електротехника и Електроенергетика- (1 извршител) за време од пет години

**10.2 Асистент-докторант за научната област:**

- Електротехника - (1 извршител) за време од пет години

**11. ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА**

**11.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област:**

- Вајање и вајарски техники- (1 извршител) за време од пет години

**12. ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

**12.1 Наставник во насловно звање Вонреден професор за наставно-научната област:**

- Меѓународно јавно право - (1 извршител) за време од пет години

**Критериуми за избор:**

За доцент може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата. Кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови пропишани со Законот за работни односи и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

-За вонреден професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира, објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, придонес во оспособувањето на помлади наставници и кое покажало способност за изведување на разни видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата. Кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови пропишани со Законот за работни односи и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

-За редовен професор може да биде избрано лице кое има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната областа во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или четири научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години, кое учествувало или раководело со научноистражувачки проект и кое има придонес во оспособувањето на помлади наставници и кое покажало способност за изведување на сите видови високообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата. Кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови пропишани со Законот за работни односи и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

-За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор степен, признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа. Кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови пропишани со Законот за работни односи и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

-Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници на високообразовна установа, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во наставно-научно, односно наставничко звање можат да се избираат во звањето насловен доцент и насловен вонреден професор, според условите и постапките утврдени со Законот за високото образование. Кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови пропишани со Законот за работни односи и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

-За асистент - докторант може да биде избрано лице кое има завршено втор циклус студии од соодветно научно, односно уметничко подрачје, има остварено просечен успех од најмалку 8,50 на прв и втор циклус на студии, има познавање од англиски јазик кое кандидатот го докажува со потврда за познавање на јазикот и тоа (TOEFEL) - најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, (IELTS) - најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, (TOLES) – базично познавање (Foundation level), (ILEC) - положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Cerficate of Preliminary English) - (B1), како и да покажува способност за наставно-

научна, односно наставно-уметничка дејност. Кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови пропишани со Законот за работни односи и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

-Распоред на работно време и плата:
-Распоред на работно време и плата:
-Дневно работно време од 08:30 до 16:30h.
-Неделно работно време-40 работни часа (од понеделник до петок)
-Основна нето плата за: Доцент-38.143,00 ден.; Вонреден професор-43.660,00 ден.; Редовен професор-50.311,00 ден; Насловен вонреден професор -800,00 ден./час; Асистент-докторант-22.505,00 ден.

**Потребни документи за кандидатите за избор во Асистент-докторант и во наставни и наставно-научни звања:**

-пријава;
-диплома за завршено соодветно образование-за одбранет магистерски/докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар; странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оцените);
-Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии
-кратка биографија (во четири примероци);
-список на објавени научни и стручни трудови
-по еден примерок од трудовите;
-потврда дека се служи со еден од светските јазици за кандидатите за избор во наставни и наставно-научни звања
-потврда за познавање на англиски јазик (TOEFEL, IELTS, TOLES, ILEC-Б2 (B2), Cambridge Certifikate-B1) за кандидатите за избор во асистент-докторант;
-препорака од најмалку 2 (два) професора (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот- за кандидатите за избор во асистент-докторант и доцент;
-препорака од претходниот работодавач (доколку кандидатот бил вработен)- за кандидатите за избор во асистент-докторант и доцент;
-еден примерок од магистерски/докторскиот труд;
-уверение за државјанство;

**Конкурсот трае 24 дена од денот на објавувањето.**

Изборот ќе се изврши во рокот предвиден во член 131 од Законот за високото образование (до 6 месеци од објавувањето на конкурсот).

Документите се доставуваат до архивата на:

1. Факултет за природни и технички науки- ул. „Гоце Делчев“ бр. 89, Штип; тел 032 550-550;
2. Факултет за медицински науки-Клиничка болница Штип ул. „Љубен Иванов“ бр. 25 (Одделение за педијатрија); тел. 032-550-400;
3. Технолошко-технички факултет-ул. „Миро Барага“ бб, Пробиштип; тел. 032-550-900
4. Машински факултет- ул. „Браќа Миладинови“ ББ, Виница тел. 032 550-850;
5. Економски факултет- ул. „Генерал Михајло Апостолски“ бр. 30 (Пионерски дом), Штип тел. 032 550-300;
6. Филолошки факултет- ул. „Железничка“ бб, Штип; тел. 032-550-180
7. Факултет за Туризам и бизнис логистика-ул. „7-ми Ноември“ бб, Гевгелија; 032-550-350
8. Музичка академија- ул. „Цветан Димов“ бб, Штип тел. тел. 032-550-200
9. Факултет за образовни науки-ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10А Штип; 032-550-500
10. Електротехнички факултет-ул. „22-ри Октомври“ бб-Радовиш; 032-550-650
11. Ликовна Академија-ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10А Штип; 032-550-986
12. Правен факултет-ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10 А Штип; тел. 032-550-450

**Некомплетните документи нема да се разгледуваат.**

**Конкурсот е објавен на 8.10.2016 г. во Нова Македонија, Коха и Утрински весник.**